**С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К**
**НА ОПШТИНА КРУШЕВО**

**02.09.2013 год.** **Бр.V**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.гласник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**

***за објавување на актите донесени на петтата седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 30.08.2013 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на петтата седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 30.08.2013 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-628/2 од 02.09.2013 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**Ѓорги Дамчески, с.р**

Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 34 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), донесувам:

**Р Е Ш Е Н И Е**

***за назначување Претседател на Советот на Општина Крушево за 5-та седница***

1. За Претседател на Советот на Општина Крушево за 5-та седница се назначува СПАСЕ СТОЈЧЕСКИ-Советник во Советот на Општина Крушево.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.07- 678/2 од 30.08.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Спасе Стојчески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на петтата седница, одржана на 30.08.2013 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од четвртата седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 30.07.2013 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.07- 678/4 од 30.08.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Спасе Стојчески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 66 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 56 и 57 од законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Сл.весник на Р.М.” бр.8/05; 35/11 и 166/12) и член 21 став 1 точка 38 и член 135 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 30.08.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**

***за оттуѓување на моторно возило-автобус во сопственост на***

***Општина Крушево***

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава Согласност за оттуѓување на движна ствар во сопственост на Општина Крушево, моторно возило-користен автобус добиен како донација.

**Член 2**

Општина Крушево ќе го продава моторното возило по пат на Јавно наддавање во

согласност со Законот за користење и располагање со стварите на државните органи.

**Член 3**

Продажната цена на возилото не смее да биде помала од неговата пазарна вредност, односно не помала од неговата сметководствена вредност во моментот на продажбата.

**Член 4**

Постапката за продажба ќе ја спроведе Комисијата за располагање со недвижни и движни ствари во Општина Крушево што ќе ја формира Градоначалникот.

**Член 5**

Финансиските средства добиени од продажбата ќе се користат за одржување на возниот парк во сопственост на Општина Крушево.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.07- 678/5 од 30.08.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Спасе Стојчески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 88 од Изборниот законик („Сл.весник на Р.М." бр.40/06;136/08; 148/08; 155/08; 163/08; 44/11; 51/11; 142/12 и 31/13), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), а согласно член 7, 11, 12, 13, 14 и 18 од Правилникот за надоместок на членовите на општинските изборни комисии, изборната комисија на град Скопје и избирачките одбори за спроведување на локалните избори 2013 година за избор на членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за избор на градоначалници на општините и Градоначалник на градот Скопје бр.02-1642/1 од 29.04.2013 година, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 30.08.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за определување и исплата на надоместокот за извршената работа за**

**Локалните избори 2013 година на ОИК – Крушево и**

**Избирачките одбори во Општина Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува надоместокот за извршената работа за Локалните избори 2013 година на членовите на ОИК-Крушево и членовите на избирачките одбори во Општина Крушево, како и исплатата на определениот надоместок.

**Член 2**

Надоместокот на членовите на ОИК – Крушево и членовите на избирачките одбори се определува согласно правилникот донесен од ДИК на Р.Македонија бр.02-1642/1 од 29.04.2013 година.

**Член 3**

На Општинските изборни комисии кои во своја надлежност имаат 21 до 40 избирачки одбори се определува следниот надоместок:

- на претседателот на ОИК му се определува надоместок во висина до 30.000,00 денари;
- на заменикот претседател на ОИК му се определува надоместок во висина до 25.000,00 денари;
- на секретарот на ОИК му се определува надоместок во висина до 25.000,00 денари;
- на заменик секретарот на ОИК му се определува надоместок од 50% од надоместокот утвреден за секретарот на ОИК;
- на членот на ОИК му се определува надоместок во висина до 20.000,00 денари;
- на заменик членот на ОИК му се определува надоместок од 50% од надоместокот утвреден за членот на ОИК;

**Член 4**

Во општините каде не се одржа гласање во втор круг надоместокот утврден во член 3 се намалува за 20 %.

**Член 5**

На претседателите, нивните заменици, членовите и нивните замници на Избирачките одбори се определува надомест од:

- на претседателот на ИО му се определува надоместок во висина до 3.000,00 денари;
- на заменикот претседател на ИО му се определува надоместок во висина до 2.500,00 денари;
- на членот на ИО му се определува надоместок во висина до 2.000,00 денари;
- на заменик членот на ИО му се определува надоместок во висина до 1.700,00 денари;

**Член 6**

На претседателите, нивните заменици, членовите и нивните замници на Избирачките одбори кои учествуваа при спроведување на гласање за болни и немоќни лица надоместокот се зголемува во висина од 50 % од надоместокот утврден во член 5.

**Член 7**

Надоместокот утврден со оваа Одлука ќе се исплаќа од Буџетот на Општина Крушево согласно табеларниот преглед за секој ученик во изборниот процес поединечно на неговата трансакциска сметка согласно позитивните законски прописи, кое составен дел на оваа одлука.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07- 678/7 од 30.08.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Спасе Стојчески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 86 од Изборниот законик („Сл.весник на Р.М." бр.40/06;136/08; 148/08; 155/08; 163/08; 44/11; 51/11; 142/12 и 31/13), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 30.08.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за определување на надомест на трошоци за избори**

**за организаторот на изборна кампања**

**Колација ВМРО-ДПМНЕ за локалните избори 2013 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува да се изврши исплата за надомест на трошоци за избори на организаторот на изборна кампања Колација ВМРО-ДПМНЕ за локалните избори 2013 година, во висина од 15,00 денари по добиен глас.

**Член 2**

Организаторот на изборна кампања Колација ВМРО-ДПМНЕ на локалните избори 2013 година освои 3429 гласови за градоначалник на Општина Крушево и 2814 гласови за членови на Совет на Општина Крушево.

Согласно резултатите од изборите 2013 година од Буџетот на Општина Крушево ќе му се исплатат средства во висина од:

- за градоначалник 3429 x 15,00 денари = 51.435,00 денари.

- за совет ............ 2814 x 15,00 денари = 42.210,00 денари.

**- вкупно .............. 93.645,00 денари.**

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07- 678/8 од 30.08.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Спасе Стојчески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 86 од Изборниот законик („Сл.весник на Р.М." бр.40/06;136/08; 148/08; 155/08; 163/08; 44/11; 51/11; 142/12 и 31/13), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 30.08.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за определување на надомест на трошоци за избори**

**за организаторот на изборна кампања**

**Колација Сојуз за иднината**

**предводена од СДСМ за локалните избори 2013 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува да се изврши исплата за надомест на трошоци за избори на организаторот на изборна кампања Колација Сојуз за иднината предводена од СДСМ за локалните избори 2013 година, во висина од 15,00 денари по добиен глас.

**Член 2**

Организаторот на изборна кампања Колација Сојуз за иднината предводена од СДСМ за локалните избори 2013 година освои 2397 гласови за градоначалник на Општина Крушево и 2185 гласови за членови на Совет на Општина Крушево.

Согласно резултатите од изборите 2013 година од Буџетот на Општина Крушево ќе му се исплатат средства во висина од:

- за градоначалник 2397 x 15,00 денари = 35.955,00 денари.

- за совет ............ 2185 x 15,00 денари = 32.775,00 денари.

**- вкупно .............. 68.730,00 денари.**

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07- 678/9 од 30.08.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Спасе Стојчески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 86 од Изборниот законик („Сл.весник на Р.М." бр.40/06;136/08; 148/08; 155/08; 163/08; 44/11; 51/11; 142/12 и 31/13), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 30.08.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за определување на надомест на трошоци за избори**

**за организаторот на изборна кампања**

**Демократска Партија на албанците**

**ДПА за локалните избори 2013 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува да се изврши исплата за надомест на трошоци за избори на организаторот на изборна кампања Демократска Партија на албанците ДПА за локалните избори 2013 година, во висина од 15,00 денари по добиен глас.

**Член 2**

Организаторот на изборна кампања Демократска Партија на албанците

ДПА за локалните избори 2013 година освои 271 гласови за градоначалник на Општина Крушево и 291 гласови за членови на Совет на Општина Крушево.

Согласно резултатите од изборите 2013 година од Буџетот на Општина Крушево ќе му се исплатат средства во висина од:

- за градоначалник 271 x 15,00 денари = 4.065,00 денари.

- за совет..291 x 15,00 денари = 4.365,00 денари.

**- вкупно .............. 8.430,00 денари.**

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07- 678/10 од 30.08.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Спасе Стојчески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 86 од Изборниот законик („Сл.весник на Р.М." бр.40/06;136/08; 148/08; 155/08; 163/08; 44/11; 51/11; 142/12 и 31/13), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 30.08.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за определување на надомест на трошоци за избори**

**за организаторот на изборна кампања**

**Демократска Унија за интеграција**

**ДУИ за локалните избори 2013 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува да се изврши исплата за надомест на трошоци за избори на организаторот на изборна кампања Демократска Унија за интеграција ДУИ за локалните избори 2013 година, во висина од 15,00 денари по добиен глас.

**Член 2**

Организаторот на изборна кампања Демократска Унија за интеграција

ДУИ за локалните избори 2013 година, освои 266 гласови за членови на Совет на Општина Крушево.

Согласно резултатите од изборите 2013 година од Буџетот на Општина Крушево ќе му се исплатат средства во висина од:

- за совет..266 x 15,00 денари = 3.990,00 денари.

**- вкупно .................................. 3.990,00 денари.**

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07- 678/11 од 30.08.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Спасе Стојчески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 86 од Изборниот законик („Сл.весник на Р.М." бр.40/06;136/08; 148/08; 155/08; 163/08; 44/11; 51/11; 142/12 и

31/13), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 30.08.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за определување на надомест на трошоци за избори**

**за организаторот на изборна кампања**

**Социјалдемократска Унија**

**СДУ за локалните избори 2013 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува да се изврши исплата за надомест на трошоци за избори на организаторот на изборна кампања Социјалдемократска Унија СДУ за локалните избори 2013 година, во висина од 15,00 денари по добиен глас.

**Член 2**

Организаторот на изборна кампања Социјалдемократска Унија СДУ за локалните избори 2013 година, освои 189 гласови за членови на Совет на Општина Крушево.

Согласно резултатите од изборите 2013 година од Буџетот на Општина Крушево ќе му се исплатат средства во висина од:

- за совет..189 х 15,00 денари = 2.835,00 денари.

**- вкупно .................................. 2.835,00 денари.**

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07- 678/12 од 30.08.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Спасе Стојчески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 86 од Изборниот законик („Сл.весник на Р.М.” бр.40/06;136/08; 148/08; 155/08; 163/08; 44/11; 51/11; 142/12 и 31/13), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 30.08.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за определување на надомест на трошоци за избори**

**за организаторот на изборна кампања**

**Национална Демократска Преродба**

**НДП за локалните избори 2013 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува да се изврши исплата за надомест на трошоци за избори на организаторот на изборна кампања

Национална Демократска Преродба НДП за локалните избори 2013 година, во висина од 15,00 денари по добиен глас.

**Член 2**

Организаторот на изборна кампања Национална Демократска Преродба НДП за локалните избори 2013 година, освои 167 гласови за членови на Совет на Општина Крушево.

Согласно резултатите од изборите 2013 година од Буџетот на Општина Крушево ќе му се исплатат средства во висина од:

- за совет..167 х 15,00 денари = 2.505,00 денари.

**- вкупно ................................ 2.505,00 денари.**

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07- 678/13 од 30.08.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Спасе Стојчески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 412; 413 и 414 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (“Сл.весник на Р.М” бр.54/07; 86/08;98/08; 64/09; 161/09; 36/11; 51/11 и 114/12) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 30.08.2013 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
***за именување на членови на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата***

1.За членови на општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Општина Крушево се именуваат:
- Џими Шеќеров, член;
- Котески Методија, член;

- Спасеска Фанче, член;
- Бојчиноски Перо, член;
- Сулејманоски Расим, член;
- Лазарески Бранко, член;
- Вренцовски Тони, член;

2. Мандатот на членовите на општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Општина Крушево трае 4 (четири) години, со право на именување уште еден мандат.

3. Примерок од решението да се достави до именуваните, републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и архива на Општина Крушево.

4. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07- 678/14 од 30.08.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Спасе Стојчески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 30.08.2013 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на извештајот за работата**

**на Општинската Изборна комисија Крушево**

**за локалните избори 2013 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** извештајот за работата на Општинската Изборна Комисија Крушево за локалните избори 2013 година бр.11-51/2 од 19.06.2013 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07- 678/15 од 30.08.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Спасе Стојчески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 30.08.2013 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на финансискиот извештај**

**на Општинската Изборна комисија Крушево**

**за локалните избори 2013 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** финансискиот извештај на Општинската Изборна Комисија Крушево за локалните избори 2013 година бр.11-51/3 од 19.06.2013 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07- 678/16 од 30.08.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Спасе Стојчески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 30.08.2013 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на финансискиот извештај**

**за Изборната кампања за локалните избори 2013 година**

**од Колација ВМРО-ДПМНЕ**

1. **СЕ УСВОЈУВА** финансискиот извештај за Изборната кампања за локалните избори 2013 година од Колација ВМРО-ДПМНЕ, од 21.05.2013 година, заведено во Општина Крушево под бр.07-413/1 од 22.05.2013 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07- 678/17 од 30.08.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Спасе Стојчески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 30.08.2013 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на финансискиот извештај**

**за Изборната кампања за локалните избори 2013 година**

**од Колација Сојуз за иднината предводена од СДСМ**

1. **СЕ УСВОЈУВА** финансискиот извештај за Изборната кампања за локалните избори 2013 година од Колација Сојуз за иднината предводена од СДСМ, бр.03-213/1 од 18.04.2013 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07- 678/18 од 30.08.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Спасе Стојчески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 30.08.2013 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на финансискиот извештај**

**за Изборната кампања за локалните избори 2013 година**

**од Народно Движење за Македонија**

1. **СЕ УСВОЈУВА** финансискиот извештај за Изборната кампања за локалните избори 2013 година од Нардно Движење за Македонија, бр.082/2013 од 31.03.2013 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07- 678/19 од 30.08.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Спасе Стојчески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 30.08.2013 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на финансискиот извештај**

**за Изборната кампања за локалните избори 2013 година**

**од Демократска Унија за Интеграција ДУИ**

1. **СЕ УСВОЈУВА** финансискиот извештај за Изборната кампања за локалните избори 2013 година од Демократска Унија за Интеграција ДУИ, бр.02-01/3 од 30.04.2013 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07- 678/20 од 30.08.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Спасе Стојчески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 30.08.2013 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на финансискиот извештај**

**за Изборната кампања за локалните избори 2013 година**

**од Социјалдемократска Унија СДУ**

1. **СЕ УСВОЈУВА** финансискиот извештај за Изборната кампања за локалните избори 2013 година од Социјалдемократска Унија СДУ, заведен во Општина Крушево под бр.07-505/1 од 17.06.2013 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07- 678/21 од 30.08.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Спасе Стојчески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.глансик на Општина Крушево” бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 30.08.2013 година, донесе:

***З А К Л У Ч О К***
***за сечење на борово дрво во градскиот парк***

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност за сечење на борово дрво во градскиот парк во непосредна близина на влезот на пензионерскиот дом.

2. Сечењето на дрвото во потребниот обем, да се изврши во согласност со законот, под надзор на стручни лица од ЈП „Липа” Крушево во соработка со ЕВН-Македонија.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.07- 678/22 од 30.08.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Спасе Стојчески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 34 став 4 од Законот за основно образование („Сл.весник на Р.М.” бр.103/08; 33/10; 116/10; 156/10; 18/11; 51/11; 6/12; 100/12 и 24/13), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007) и Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците на Основните училишта, Советот на Општина Крушево дава:

**М И С Л Е Њ Е**

Советот на Општина Крушево дава позитивно Мислење за Програмата за организирање на ученички екскурзии во учебната 2013/2014 година на ОУ „Никола Карев” Крушево за трето, шесто и осмо одделение бр.02-329/1 од 17.07.2013 година.
**Бр.07- 678/23 од 30.08.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Спасе Стојчески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( „ Сл. Весник на РМ, бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 , 53/11, 144/2012 и 55/2013 ), член 22 , став 1, точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („ Сл. Весник на РМ.. бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 6 и 7 од Статутот на Општина Крушево,(“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на ден 30.08.2013 година ја донесе следната

**ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА КРУШЕВО ЗА 2013 ГОДИНА**

1. Програмата за Урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2013 година бр.07-20/9 од 09.01.2013 година, и дополнувањето на програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2013год. бр.07-609/7 од 30.07.2013 год, год се дополнува во точка 2 со став 2.18, и гласаи:

**2.18. Изготвување на измена и дополна на урбанистички план во населени места Крушево и Македонски Брод за ски центар за алпско скијање МУСИЦА општини Крушево и Македонски Брод за дел од УРБАН БЛОК “ 2 “ - во викенд населба.**

Измената е во постојните Границата на опфатот кои се прикажани во графичкиот прилог кој е составен дел на оваа програма.

2.Ова дополнување влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево и станува составен дел на Програмата за Урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2012 година, бр.07-20/9 од 09.01.2013 година, и дополнувањето на програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2013год. бр.07-609/7 од 30.07.2013 год,

3. Измените и дополнувањата на Програмата за Урбанистичко Планирање на Општина Крушево за 2013 година влегуваат во сила со денот на објавување во Службен Гланик на Општина Крушево.
**Бр.07- 678/24 од 30.08.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Спасе Стојчески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 64 Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 49 и 50 и член 132 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата, одржана на 30.08.2013 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Општина Крушево е согласен да ги покрива трошоците за потрошена електрична енергија за ноќно осветлување на крстот на м.в. „Вршник”.

2. Исплтата ќе се врши од буџетот на Општина Крушево-улично осветлување.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево.

**Бр.07- 678/25 од 30.08.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Спасе Стојчески, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.


1.Заклучок за објавување на актите донесени на петтата седница на Советот на Општина Крушево ........................................................ 1
2. Решение за назначување на Претседател на Советот на Општина Крушево за 5-та седница ........................................................... 1
3. Заклучок за усвојување на записникот од четвртата седница на Советот на Општина Крушев.............................................................. 1
4.Одлука за отуѓување на моторно возило-автобус во сопственост на Општина Крушево........................................................... 1
5. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Крушево за 2013 година .................................................. 2
6. Одлука за определување и исплата на надоместок за извршена работа за Локалните избори 2013 година на ОИК – Крушево и Избирачките одбори во Општина Крушево ..3
7. Одлука за определување на надомест на трошоци за избори за организаторот на изборната кампања Коалиција ВМРО-ДПМНЕ за локалните избори 2013 год....... 3
8. Одлука за определување на надомест на трошоци за избори за организаторот на изборната кампања Коалиција Сојуз за иднината предводена од СДСМ за локалните избори 2013 год............................................... 4
9. Одлука за определување на надомест на трошоци за избори за организаторот на изборната кампања Демократска партија на албанците ДПА за локалните избори 2013 год......................................................................... 4
10. Одлука за определување на надомест на трошоци за избори за организаторот на изборната кампања Демократска Унија за интеграција ДУИ за локалните избори 2013 год.......................................................................... 5
11. Одлука за определување на надомест на трошоци за избори за организаторот на изборната кампања Социјалдемократска Унија СДУ за локалните избори 2013 год......................................................................... 5
12. Одлука за определување на надомест на трошоци за избори за организаторот на изборната кампања Национална Демократска Преродба НДП за локалните избори 2013 год......................................................................... 5
13. Решение за именување на членови на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата ................................ 6
14. Заклучок за усвојување на извештајот за работата на Општинската Изборна Комисија Крушево за локалните избори 2013 година ...... 6
15. Заклучок за усвојување на финансискиот извештај на Општинската Изборна комисија Крушево за локалните избори 2013 година ...... 6
16. Заклучок за усвојување на финансискиот извештај за Изборната кампања за локалните избори 2013 година од Коалиција ВМРО-ДПМНЕ ............................................................... 7
17. Заклучок за усвојување на финансискиот извештај за Изборната кампања за локалните избори 2013 година од Коалиција Сојуз за иднината прдводена од СДСМ ........................... 7
18. Заклучок за усвојување на финансискиот извештај за Изборната кампања за локалните избори 2013 година од Народно Движење за Македонија ........................................................ 7
19. Заклучок за усвојување на финансискиот извештај за Изборната кампања за локалните избори 2013 година од Демократска Унија за Интеграција ДУИ ............................................. 7
20. Заклучок за усвојување на финансискиот извештај за Изборната кампања за локалните избори 2013 година од Социјадемократска Унија СДУ ......................................................... 7
21. Заклучок за сечење на борово дрво во градскиот парк ...................................................... 8
22. Мислење за екскурзи ОУ „Никола Карев" Крушево .............................................................. 8
23. Дополнување на Програма за Урбанистичко Планирање на Општина Крушево за 2013 година ....................................................................... 8
24. Заклучок за осветлување на крстот на м.в. „вршник" Крушево ............................................. 8


Редакциски одбор на Општина Крушево.